Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 18.08.2021

На 17.08.2021 во 02.50 часот на бул.„1 Мај“ во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Е.К.(28) и Р.М.(40), двајцата од Ресен. Тие биле затекнати при извршување кражба, при што кај нив биле пронајдени предмети од кривичното дело, кои им биле одземени. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2021 во 16.00 часот на Граничен премин „Табановце“, полициски службеници го привеле Л.К.(46) од Р.Косово, бидејќи при пасошка контрола приложил албанска патна исправа на име од О.Х.(34) од Р.Албанија. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка. ОВР Дебар поднесе кривична против Ф.К.(63) од Дебар, поради поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности“, „бесправно градење“ и „пустошење шуми“. Тој, во текот на 2021 година на локации на брегот на Дебарското езеро во државна сопственост“ бесправно пресекол 200 стебла борова шума и неовластено изградил три објекти од тврд материјал, со што се стекнал со противправна материјална корист од 241.100 денари.

На 17.08.2021 во периодот од 10.00 до 22.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, во рамките на редовните контролни активности на лица со решенија за изолација издадени од Државен санитарен и здравствен инспекторат, утврдиле дека вкупно девет лица од гостиварските села Градец, Добридол и Сенокосе, иако имале решенија за изолација и домашно лекување, не ги почитувале решенијата и заминале надвор од земјата. Против лицата, од кои седум се женски и две машки на возраст од 13 до 48 години, ќе бидат изготвени соодветни поднесоци за „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“ согласно член 206 од Кривичниот законик. Во овој период, исто така, било утврдено дека две женски лица од Тетово на возраст од 20 и 51 година, со решенија за изолација, при контролата не се наоѓале во нивниот дом, туку во угостителски објект, додека едно машко лице од тетовска Мала Речица на возраст од 27 години ја напуштило земјата. И против овие лица ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 18.08.2021 во 00.40 часот во СВР Скопје, Г.Т.(47) од Куманово пријавил дека во близина на Основен суд Скопје 1 бил каснат од куче скитник.

На 17.08.2021 во Полициската станица Велес, А.Н.(47) од Велес пријавил дека на ул.„Панко Брашнаров“ бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (17.08/18.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистриран е 41 прекршок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.Ф.(59) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност“. Тој, на 18.07.2021 во Кичево, извршил испукување на проектил од ловечка пушка, при што предизвикал вознемиреност и опасност по животот на С.Б. од Кичево, кој во бил во непосредна близина.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против О.Ц.(50) од Свети Николе, вработен во МВР, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,лихварство“, казниво по член 260 од Кривичниот законик. Пријавениот, во периодот од 2020 до 30.07.2021, неовластено се занимавал со давање на пари на заем, како и на потрошни предмети на одложено плаќање, искористувајќи ја социо-економската положба на оштетените, при што се стекнал со имотна корист од 539.800 денари. При претреси во три објекти, сопственост на О.Ц., извршени со судска наредба биле пронајдени и одземени патничко возило „фолксваген голф“, со кумановски регистарски ознаки, сопственост на лице од Куманово, патничко возило „мерцедес“, со кумановски регистарски ознаки, сопственост на друго лице од Куманово, сообраќајни дозволи за двете возила, лична карта од едно лице, список со испишани имиња и парични средства.

На 18.08.2021 во 02.30 часот во СВР Скопје, М.Б.(26) од Скопје пријавил дека на 17.08.2021 околу 22.00 часот во близина на спортско игралиште на подрачје на Центар бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
ОВР Кочани поднесе кривична пријава против И.З.(26) од с.Чешиново, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена“. Пријавениот од средината на јуни 2021 до 18.07.2021, ја уценувал оштетената жителка на Кочани, со која бил во љубовна врска, дека ќе објави нејзини фотографии и видео запис со компромитирачка содржина доколку не му даде 15.000 евра.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против И.В.(24) од Кочани, поради тоа што на 12.08.2021 во Кочани физички го нападнал В.А. од с.Долни Подлог.

ОВР Берово поднесе кривична пријава против М.Д.(45) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука“. На пријавениот од страна на Основиот суд во Берово му се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство - „отстранување од домот“ и „забрана да се приближува до живеалиштето на жртвата“. Но, тој сепак во периодот од 23.07.2021 до 07.08.2021, во повеќе наврати, при проверките од страна на полициски службеници, бил затекнат во домот неговата сопруга Ф.Д., со што свесно и со умисла презел дејствија на непридржување на судската одлука со која бил задолжен.

На 17.08.2021 во 17.38 часот во СВР Скопје, Б.Б.(20) од с.Коњари, скопско, пријавила дека во 16.00 часот, нејзините братучеди С.Ќ. од Љуботен и М.М. од с.Арачиново, со кои биле во нарушени односи, со употреба на сила влегле внатре и со дрвени предмети физички ја нападнале. СВР Скопје презема мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје, Ј.Ш.(45) од Скопје пријавил дека од семејниот дом се оддалечила неговата ќерка М.Ш.(20) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Ц.(43) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавениот, на 28.04.2021 во 22.40 часот бил затекнат на јавно место без да поседува соодветна дозвола за движење.

На 17.08.2021 во 21.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Џ.Р.(36) од Германија, со моментален престој во Скопје, пријавил дека неговата ќерка Р.Р.(15) се оддалечила од домот со С.Н., со кого била во љубовна врска. Според пријавеното, таа најверојатно заминала во Куманово или во Р.Србија. По извршени службени проверки било утврдено дека лицето, во моментот на пријавување, веќе ја имало напуштено државата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 17.08.2021 во 10.40 часот во СВР Скопје, комунален работник од општина Карпош пријавил дека на ул.„Букурешка“ пронашол неексплодирана експлозивна направа која ја предал на полициски службеници. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет